РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА
ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА
ПОМОШ
Број 02-508/1
Скопје, 10.06.2019 година

Врз основа на член 52 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 8 став 1 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18), Главниот ревизор за ИПА, донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА)

1. Административниот службеник Тамара Касапинова, Раководител на Одделение за финансиски прашања во Секторот за финансиски и правни работи се унапредува во Раководител на сектор, во Секторот за финансиски и правни работи.

2. Одлуката за избор на кандидат за унапредување на административен службеник да се достави до кандидатот за унапредување и да се објави на веб - страната на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник бр. 04-437/1 од 27.05.2019 година беше огласена потребата од унапредување на еден (1) административен службеник за работно место УП0101Б02000 Раководител на сектор во Сектор за финансиски и правни работи, од редот на вработените во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно členовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од

РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
ул. 11 Октомври, бр.36, 1000 Скопје; Република Северна Македонија
телефон: (02) 3215-621; тел./факс: (02) 3222-304; www.aaipa.gov.mk; ipa_aa@aaipa.gov.mk

категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18).

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат и тоа Тамара Касапинова, вработена во Ревизорското тело на работно место Раководител на одделение за финансиски прашања, која по спроведување на интервјуто од страна на Главниот ревизор за ИПА е избрана за унапредување од Раководител на одделение за финансиски прашања во Раководител на Сектор за финансиски и правни прашања.

Врз основа на горенаведеното, Главниот ревизор на ИПА изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) .

Главен ревизор за ИПА,

Адем Цури, ОДР

Доставено до:

- Избраниот кандидат
- Архива